## Контакт

**Микрокредитна фондација Хоризонти**

Адреса: Рампо Левката бр.14,
1000 Скопје, Р. Македонија

tel. + 389 2 3093 371; fax +389 2 3093 376

e-mail: info@horizonti.org.mk

website: www.horizonti.org.mk



**www.horizonti.org.mk/wiseborrowing**

## Партнери

- Хоризонти микрокредитирање
- BAI TUSHUM BANK
- afk
- EKI
- MIKROKREDITNA FONDACIJA MI-BOSPO
- CRYSTAL Microfinance Organization
- imon international
- FCA
- AgroInvest
- Mikro razvoj d.o.o. / Micro Development l.l.c.
- Partner mikrokreditna fondacija
- VF AzerCredit

Хоризонти
микрокредитирање

# ПОЗАЈМУВАЈТЕ ПАМЕТНО!




## ВОДИЧ ЗА ПАМЕТНО ПОЗАЈМУВАЊЕ

MICROFINANCE CENTRE

Дел од интернационална едукативна кампања водена од Центарот за Микрофинансии (MFC)

## Колку можам да си дозволам да позајмам ?

- Научете точно да ги пресметате Вашите месечни заштеди.
- Месечните рати за кредит не треба да се повисоки од 70% од вашите месечни заштеди

  *На пример: Ако Приходот = 10.000 ден. и Трошоците се 8.000 ден., тогаш Заштедата = 2.000 ден.*

  *Месечната отплатна рата =1.400 ден. максимум*
- Земете кредит во истата валута како Вашиот приход.
- Хоризонти ќе го процени капацитетот за плаќање и ќе Ви потврди дали можете да си го дозволите кредитот.



## Дали знам колку ќе плаќам?

- Научете како да ги споредувате различните понуди со цел да направите проверен избор
- Согласно законските прописи во Македонија, давателите на кредити ви ја презентираат СВТ (стапка на вкупни трошоци) за да Ви се помогне да направите споредба на вкупните трошоци на кредитот
- Запомнете, пониските каматни стапки не ви гарантираат поевтин кредит
- Осигурајте дека во пресметките за вашите месечни трошоци сте ги пресметале сите трошоци и давачки, а не само каматите
- Бидете претпазливи со агресивните позајмувачи – специјалните понуди ретко се специјални
- Внимателно анализирајте ја должината на кредитот – пониските рати на подолг период може и да не се поевтини
- Хоризонти како и сите членови на MFC , ги открива сите трошоци, вклучувајќи ги и трошоците околу договорот и предвидените казни, но не сите кредитори го прават тоа.




## Дали го разбирам договорот во целост?

- Прочитајте го договорот од почеток до крај / Вашиот Кредитен референт треба да ви даде доволно време. Разберете ги сите трошоци, казни, временски ограничувања и начини на плаќање
- Прашајте го Вашиот Кредитен референт да ви помогне за да ги разберете сите точки. Секогаш барајте објаснување на деловниот/финансиски жаргон кој се користи во договорите (пр. Прашајте што значат термините како: стапка на вкупни трошоци , ануитет, номинална каматна стапка , итн.)
- Не се брзајте – земете го договорот дома и размислете – не избрзувајте со потпишување на нешто што не го разбирате во целост.




## Што треба да направам доколку не сум задоволен?

- Ве молиме информирајте не ако не сте задоволни
- Секогаш искористете го вашето право за жалба
- Ве молиме контактирајте со некој вработен од Хоризонти (лично, email, или телефонски)
- Вашето мислење ни помага да ги подобриме услугите за нашите клиенти.



## Контролирајте го Вашиот долг – не дозволувајте долгот да Ве контролира Вас!

- Преголемо задолжување може да доведе до проблеми со отплата
- Избегнувајте истовремено повеќе кредити: со неколку кредити сте изложени на поголем ризик од презадолженост
- Земете кредит за паметни и корисни инвестиции, избегнувајте земање кредити за работи што ги сакате, но не ви требаат
- Внимавајте на вашата кредитна историја, записите во вашето досие остануваат засекогаш
- Не прифаќајте да земате кредит за друго лице
- Бидете внимателни кога сте гарант за кредит за некој друг
- Разговарајте со Кредитниот референт на Хоризонти доколку сте во неволја – ние сме тука да Ви помогнеме.

